Архивски број: 08-386/7
година

07-08-2026

Постапувајќи по претставката бр. 08-386/1 од 28.4.2025 година, поднесена од Синдикална организација на ----- преку потпретседател ----- против -----, за заштита од дискриминација во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 27 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 258/2020), го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

НЕ СЕ УТВРДУВА директна дискриминација сторена од ----- врз Синдикална организација на -----, односно лица кои членуваат во синдикатот, во областа на работата и работните односи.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во натамошниот текст: Комисијата) на 28.4.2025 година е доставена претставка бр. 08-386/1 од страна на Синдикална организација на ----- (во натамошниот текст: Синдикатот) преку потпретседател -----, со наводи за одредени постапувања од страна на -----.

Согласно наводите од претставката, подносителот тврди дека во изминатиот период врз нивни членови кои се вработени на разни работни позиции во ----- се вршеле притисоци од страна на раководни лица и притоа се покренуваат дисциплински мерки кои резултираат со парични казни. Подносителот истакнува дека тие како Синдикат сметаат дека таквите притисоци се селективни и се однесуваат претежно врз нивни членови. Наведуваат и дека веќе подолго време откако доставиле пристапници и списоци на нивни членови, раководството одбивало да им задржува членарина за синдикат, со што ги ставало во подредена ситуација во однос на другите синдикални организации при -----. Па врз основа на наведеното бараат од Комисијата да изврши контрола и инспекција врз работата на нивните претпоставени, со цел да им се укаже на нивните постапки и да им се забрани во иднина да вршат такви и слични неосновани притисоци врз нивни членови, како и да им се наложи редовно и месечно да се врши уплата на членарина на име на СО ----- на сметка која веќе неколку пати им била доставена.

Комисијата до подносителот достави барање за доуредување бр. 08-389/2, а во однос на јасно наведување факти и околности врз кои се темелат разбирливи наоди


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

кои индицираат дејствија на дискриминација, за што подносителот на 26.5.2025 година, со допис бр. 08-386/3 ја доуреди претставката.

Подносителот накратко наведува дека поднесува документација и истакнува наводи од кои ќе се согледа дека директорот на ----- целосно ги игнорирал, неприфаќајќи состаноци со нив, а во однос на прашање во врска со репрезентативност на Синдикатот. Наведуваат дека тоа трае подолг период и дека сите нивни барања за уплата на членарина со задршка од плата на вработени во ----- нивни членови се игнорирани. Тврдат и дека одредена вработена во ----- се јавувала на нивни членови за истите да се отчленат од Синдикатот. Притоа, наведуваат дека одредени нивни членови биле подложени на дисциплински постапки, бидејќи не истапиле од членството на Синдикатот и дека тие се спремни и на соочување со директорот.

Приложуваат во копии барања упатени до работодавачот -----, сите од 2023 и 2024 година, освен две кои се со датуми на доставување во 2025 година.

Комисијата се обрати во два наврати до -----, со Барање за изјаснување бр. 08-386/4 од 29.7.2025 година. Од страна на работодавачот не е добиено произнесување по претставката од подносителот.

Согласно член 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, се забранува секоја дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа.

Дискриминација согласно член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други.

Согласно член 8 став 1 од истиот Закон, директна дискриминација постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа.

Во согласност со членот 26 од Законот, подносителот на претставката кој тврди дека во согласност со одредбите на овој закон е сторена дискриминација е должен да ги изнесе сите факти што го прават тврдењето веројатно. Доколку Комисијата утврди дека тврдењето е веројатно, тогаш товарот на докажување преминува на лицето против кое е поднесена претставката.

Имајќи ги во предвид изнесените факти и околности во претставката на подносителот, Комисијата не утврди дека е сторена дискриминација од страна на ----- врз Синдикална организација на ----- или нејзини членови.


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Подносителот на претставката, не ги стори за веројатни изнесените тврдења на начин што не ги поткрепи фактите со доволно релевантни документи кои ќе ги поддржат таквите наоди. Освен приложените барања, не е доставена документација во однос на одредени дисциплински постапки ниту се изнесени доволно факти во смисла на опишани наоди кои упатуваат на споредлива ситуација за нееднаков третман врз членови на Синдикатот споредено со други вработени и/или членови на други синдикати кај работодавачот, како и било каков основан факт од кој најмалку би се увиделе некакви дејствија на притисоци врз членовите на Синдикатот, а во отсуство на такви, наодите остануваат засновани на општи тврдења за сторена дискриминација.

Во однос на наодот за репрезентативност и наплата на членарина на членови на Синдикатот вработени во -----, Комисијата за истата правна работа упатува на нејзино претходно донесено Мислење бр. 08------/4 од -----.2023 година, со кое не се утврдува дискриминација. Според ова Мислење, пресметката и задршката на дел од плата по основ членарина во синдикат е уредена со одредба во поединечниот колективен договор во ----- која е општа и се однесува на сите репрезентативни синдикати. Немањето обрвска да се врши пресметка и задршка на плата на членовите на нерепрезентативните синдикати се однесува на сите нерепрезентативни синдикати, а не само на членовите на -----, па оттука отсуствува каузалната врска помеѓу дискриминаторскиот однос-членување во ----- и понеповолното постапување и релевантна споредлива ситуација.

Согласно горенаведеното Комисијата одлучи како и во диспозитивот на ова мислење.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Заменик претседател,
Зекир Абдулов

*Доставено до:*
*1. Подносителот*
*2. -----*
*3. Архива на Комисијата*


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk